**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА АНИМАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЛМСКИ УМЕТНОСТИ ПРИ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - СКОПЈЕ**

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје, на седницата одржана на ден 14.04.2023 година, донесе Одлука со која не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по група предмети од областа **Анимација,** во сите наставно научни звања на Факултетот за филмски уметности.

На конкурсот за избор на наставници во сите наставно-научни звања по група предмети од областа **Анимација**, објавен во весникот „Нова Македонија" од 29 март 2023 година, се пријави и поднесе документација кандидатот **м-р Крсте Господиновски.** Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав:

**Проф. м-р Горан Наумовски, ИУ Еуропа Прима, Скопје**

**Проф. д-р Алекснадра Ристевска,**
**Меѓународен балкански универзитет - Факултет за уметност и дизајн**

**Проф. м-р Срѓан Миќиќ,**
**Меѓународен балкански универзитет - Факултет за уметност и дизајн**

врз основа на увидот во документите, има чест на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје да му го поднесе следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

НАУЧНИ, СТРУЧНИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

Крсте Господиновски е роден на 15.08.1984 год., во Скопје каде што го заврши средното образование. Во 2006 год. дипломира на Националната Ликовна Академија – Софија во класа на професор Андреј Даниел, каде што најпрвин се здобива со звањето академски сликар, а потоа во 2008 год. и со титулата Магистар по ликовни уметности на истата академија.

Покрај неговата долгогодишна кариера во анимираниот филм, визуелните ефекти и просветната и научна дејност, проследени со голем број награди и признанија, во изминатите пет години Господиновски постигнува особени успеси во неколку сфери на анимацијата.

Во 2018/19 Господиновски ги започнува своите докторски студии на „Институтот за Македонска литература“ под менторство на проф. д-р Александар Прокопиев, каде што во текот на три години ги завршува сите испити, објавува повеќе трудови во меѓународни списанија и зборници, учествува на неколку научни конференции и ја пријавува својата докторска дисертација под наслов „Современ авторски анимиран филм – Предизвици, развој и дострели“.

Во 2019, неговиот краткометражен анимиран филм Готлиб, откако ја имаше својата меѓународна премиера на престижниот анимациски фестивал Анимаком Билбао во Шпанија, зема учество на 40тина интернационални фестивали за анимиран филм ширум светот и освои неколку награди. Во 2020та, тој го завршува и краткиот анимиран филм Змијулче, овој пат во корежија со Жарко Иванов и Кристина Стојановски, кој сеуште се прикажува по фестивалите и освои голем број на награди, од кои последната во 2022 главната награда на фестивалот во Грција.

По успехот кој го постигнува со овие проекти тој во 2022 г. ја добива довербата на Романскиот филмски центар, поддржувајки го на годишниот конкурсот неговиот проект „Приказна од соседството, краток анимиран филм кој сеуште е во фаза на реализација.

Во 2020та, заедно со уште тројца свои соработници го основа фестивалот за европски кратки анимирани филмови „Флипбук Филм Фестивал“. За само три години, тие успеваат да го издигнат фестивалот на завидно ниво, привлекувајки ги најголемите имиња во авторската анимација. Организацијата на фестивалот, вон рамките на фестивалот се бави и со издавштво, организира мастеркласови со истакнати имиња од светот на анимацијата и уште многу други активности, покренувајќи крупни текови во светот на анимираниот филм, како вмрежувањето со уште четири европски фестивали и формирајќи ја фестивалската мрежа „Анимамус“ Оваа мрежа освен својата основна цел да овие 5 меѓународни фестивали настапуваат заедно, подигнувајќи ја свеста за важноста на авторскиот анимиран филм на ниво на Европа, формира и свое научно списание, организира работилници и мастеркласови, итн.

Во 2022ра г., Господиновски успешно го организира и првото издание на „Bucharest Animation Sesions“ во соработка со своите романски партнери, форум кој има за цел да создаде тло за соработка на авторите и анимациските фестивали ширум Европа.

Господиновски во моментот е во завршна фаза на два свои аворски анимирани филмови. Краткиот анимиран филм „Ними филмови“ работен во техниката куклена стоп анимација, во должина од 10 минути, кој воедно е првиот анимиран филм од овој тип кој е целосно снимен во еден кадар. Проектот беше успешно претставен на Visegrad Animation Forum, каде што го привлече вниманието на европската анимациска фела. Вториот е дел од омнибусот „Небиднина“ во кој заедно со уште тројца автори, во чест на сто годишнината од раѓањето на најголемиот македонски поет Ацо Шопов, обработуваат, односно создаваат четири авторски анимирани филмови од четири негови песни.
Освен овие два филма, Господиновски започнува уште еден краток анимиран анимиран филм, каде што успешно ги комбинира стоп-анимацијата и тајмлапс техниката, работејќи со органски модели кои се декомпонираат во процесот на анимирање. Проектот за филмот Диоген беше успешно претставен на „Animateka ProPITCH“ во Љубљана, како и на уште неколу важни пичинг форуми.
За овие 3 проекти, Господиновски е поддржан од Агенцијата за филм на Р. Македонија.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на приложената документација како и преку личниот увид во досегашната плодна и разновидна дејност на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека **м-р Крсте Господиновски** со своите творечки и педагошки капацитети, целосно ги исполнува условите за избор во звањето **Редовен професор** по група предмети од областа **Анимација,** на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима – Скопје. Рецензентската комисија овој Извештај и заклучоците во него му ги предлага на наставно научниот совет на Факултетот за филмски уметности.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

**Проф. м-р Горан Наумовски**

______________________________

**Проф. д-р Алекснадра Ристевска**

_________________________________

**Проф. м-р Срѓан Миќиќ**

_________________________________

**Скопје, 28.04.2023**